# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 6 | Понеделник, 21 мај 2018 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

**Содржина**

**Градоначалник на општина Струмица:**

| Рег. бр. | | Стр. | Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 132. | **Јавна објава** - непознат имател на градба .................................... | 1 | 133. | **Решение** за избор на директор на Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ од Струмица | 2 |

---

**132.**

Врз основа на член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15 и 65/18), ја извршувам следната достава преку

**Јавна објава**

Општина Струмица го повикува НЕПОЗНАТИОТ ИМАТЕЛ НА ГРАДБА во рок од 1 (еден) ден, да се јави во просториите на Општина Струмица, да го подигне Решението со Ип 1 бр. 26-343 од 16.05.2018 година, донесено од Овластениот градежен инспектор.

Општина Струмица, преку Овластениот градежен инспектор, со горенаведеното Решение, му налага на непознатиот имател на градба во рок од 7 (седум) дена од приемот на Решението сам да ги отстрани градбите дефинирани во член 73 од Законот за градење- ограден ѕид со должина од 56 метри и висина до 1,5 метри и помошен објект со димензии во основа 2 x 2 м и катност приземје, кои се изградени на КП 7808 и КП 7809 во КО Струмица

без решение за градење. Парцелата КП 7808 запишана во имотен лист 5612 за КО Струмица, во сопственост на Р. Македонија со корисничко право на ЈПКД „Комуналец“ со вкупна површина 625 м² лозје и КП 7809 запишана на Имотен Лист 7234 за КО Струмица во сопственост на Р. Македонија со вкупна површина од 1795 м².

Доколку непознатиот инвеститор не го подигне Решението, оваа Јавна објава се смета за уредна достава на Решението со Ип 1 бр. 26-343 од 16.05.2018 година и сите негативните последици кои можат да настанат од истата ги сноси самата странка.

Бр.03-3898/2 Општина Струмица
17.05.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски

..........................................

**133.**

Врз основа на член 12 од Законот за библиотеките („Сл.весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 5/02), на предлог на Управниот одбор на Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ од Струмица број 02-178/1 од 07.05.2018 година, Градоначалникот на општина Струмица, донесе:

**Р е ш е н и е**
**за избор на директор на Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ од Струмица**

1. За директор на Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето“- Струмица се избира Тања Гошева – досегашен директор на оваа установа.
2. Мандатот на директорот трае 4 години, започнувајќи од 19.05.2018 година;
3. Се задолжува лицето избрано за директор на установата да го исполни условот за познавање на странски јазик во рок од една година од денот на неговото именување; и
4. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Струмица“.

Бр.09-3663/2 Општина Струмица
14.05.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски